# МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Соопштение
Скопје, 26.11.2013 година

## КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ТРЕБА ДА ЈА ПРОМЕНИ СВОЈАТА ПРАКСА

Комисијата за заштита од дискриминација не ја препознава дискриминацијата кон лицата кои се лекуваат од опијатна зависност. Во мислењето кое го донесе по претставката од организацијата ХОПС – Опции за здрав живот, Комисијата смета дека не е вознемирувачки или дискриминаторски тоа што овие лица се третираат со понижувачки третман при добивањето здравствени услуги во ЈЗУ Универзитетска стоматолошка клиника. Медицинскиот персонал при стоматолошката клиника ги дискриминира лицата кои се лекуваат од опијатна зависност така што пред да започнат со какви било прегледи, ги упатува да извршат испитување за Хепатитис Ц и Б и ХИВ на Инфективна клиниката. Потоа, лицата кои имале позитивен резултат, добивале здравствени услуги во посебна просторија, каде што не се лекуваат други пациенти, а стоматологот и останатиот медицински персонал при вршењето на медицинската интервенција користеле посебна заштита (два пара ракавици, специјални одела со маски и обложување на столицата и сите апарати со посебна проѕирна фолија). Ваквата „заштита“ пациентите ја плаќаат дополнително, и овие трошоци здравственото осигурување не ги покрива. И покрај ваквиот понижувачки третман и различно постапување кон лицата кои се лекуваат од опијатна зависност, Комисијата не утврди дискриминација врз основа на здравствена состојба и постапи спротивно на Законот за заштита на правата на пациентите, според кој се забранува секаков вид дискриминација во користењето на здравствените услуги.

Сепак, Комисијата утврди дека наплаќањето на посебната заштита која медицинскиот персонал ја користи при интервенцијата, се смета за дискриминаторско постапување, кое овие лица ги става во нееднаква положба.

Недоследноста во постапувањето на Комисијата за заштита од дискриминација може да се утврди и од мислењето испратено до Хелсиншкиот комитет за човекови права, како одговор на претставка против Министерството за образование и наука, поради сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во учебникот „Запознавање на природата“ издаден во 2011 година. Иако Комисијата во своето мислење се произнесе дека постои дискриминација, таа не образложи каде и на кој начин е сторена дискриминацијата, односно дека дискриминацијата е сторена во горенаведениот учебник така што во лекцијата за народите кои живеат во Република Македонија, бошњачкиот народ е изоставен како народ кој живее во „нашиот крај“.

Комисијата, исто така не утврди дека се работи за продолжена дискриминација поради фактот што дискриминацијата траела веќе подолг временски период, откако е издаден учебникот. Во истото мислење Комисијата пропушти да му даде препорака на Министерството за образование за отстранување на дискриминаторната појава, што е спротивно на Законот за заштита и спречување од дискриминација и спротивно од досегашната пракса на Комисијата, која при носење на мислење за дискриминаторен текст во друг учебник даде прецизни насоки за отстранување на спорната содржина. Не давањето на препорака е спротивно на законот и мислењето го сведува на декларација за постоење да дискриминација, без ефективни мерки на спречување на истата.

Дополнително, Комисијата за заштита од дискриминација во два наврати ја запре постапката по поднесени претставки за утврдување на дискриминација по основ на маргинализирана група, односно жртви на семејно насилство. Истата во ниту еден од случаите не се изјасни дали во моментот на поднесување на претставката постоела или пак не постоела дискриминација.

Исто така членките на мрежата забележуваат доцнења од 1 година и 3 месеци при постапувањето на Комисијата за заштита од дискриминација. Ваквото непостапување на Комисијата се забележува во претставките против поранешниот Министер за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, дневниот весник Вечер, новинарот во Сител телевизија Александар Спасовски и главниот уредник на дневникот на Сител телевизија, Драган Павловиќ. Со ваквите доцнења ефикасноста на заштитата од дискриминација е под знак прашање.

За членките на мрежата е неприфатливо носењето на делумни и декларативни мислења од страна на Комисијата за заштита од дискриминација. Барањето на жртвите на дискриминација не е барање за компромис, туку за заштита од дискриминација. Мислењата на Комисијата претставуваат извор за разбирањето на дискриминацијата, па затоа тие мора да бидат сеопфатни и донесени во доследна и законска постапка.

Мрежата за заштита од дискриминација има за цел да развива стратегиско застапување во случаи на дискриминација преку поднесување предмети пред Комисијата за заштита од дискриминација и пред домашните и меѓународните судови. Развојот на домашната практика е поттикната преку обезбедување бесплатна правна помош во стратегиски случаи на дискриминација. Мрежата беше воспоставена во декември 2010 од страна на следните организации: Фондација отворено општество – Македонија; Асоцијација за здравствена едукација и истражување (ХЕРА); ХОПС - Опции за здрав живот; Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија (ЕСЕ); Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација РОМА С.О.С. - Прилеп; Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS — ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Х. Е. Р. А.

ХОПС ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација РОМА С.О.С. - Прилеп

Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“

ЕСЕ

порака

ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ • Нада Наумовска • ++ 389 (0)2 2477 116